Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 103/0306
18.05 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 09.05.2023 година, врз основа на примена жалба од Арбериа Дизајн (Арбериа Десигн) ја донесе следната:

## ОДЛУКА

## ЖАЛБАТА СЕ ОТФРЛА КАКО НЕОСНОВАНА

**Веб-порталот „Фокус“ со текстот насловен „Фирмата “Арбериа дизајн“ со огромни бизнис зделки“, не ги прекршил етичките и професионални стандарди.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 10 април 2023 година, фирмата Арбериа Дизајн поднесе жалба за текстот со наслов „Фирмата „Арбериа дизајн“ со огромни бизнис зделки“, објавен на 4 април 2023 на интернет – порталот Фокус (www.fokus.mk). Во жалбата се наведува дека во предметниот текст се прекршени членовите 1, 2, 4, 5, 10 од Кодексот на новинарите.

Подносителот на жалбата вели дека во написот не биле користени јавни извори за да се потврди основот за тврдењето дека компанијата добила над 180 тендери во изминативе години, во вкупен износ што е објавен во изминатите 10 години. Жалителот тврди дека на порталот за е-набавки јавните податоци за добиените јавни набавки се достапни од 2020 година, што може да се провери ако се пребара со името на компанијата.

Понатаму, во жалбата се тврди дека компанијата е ставена на тапет во напис за огромни бизнис – зделки, и тврди „ни оддалеку не сме ‘најголемиот корисник’ на тендерот за учебници во Министерството за образование (МОН), особено не за вкупните набавки на МОН со учебници од сите степени на образование, и има многу поголеми договори, што скоро никогаш не се предмет на интерес на порталот“. Жалителот понатаму вели дека груба дезинформација за јавноста е дека тие се причината што немало свидетелствата за учениците во август 2022 година, без да се користат јавно објавените факти кои укажуваат дека нарачката за свидетелствата била направена во август 2022, што може да се провери преку порталот за е-набавки. Порталот, според жалителот, покажал селективност кон фирмата и кон донациите, што ги става во контекст на нашиот деловен раст. Од компанијата велат дека е точно „дека во далечната 2015 донирале на ДУИ износ од 20 илјади евра, донација која е уредно пријавена и објавена, како што налагаат домашните законски прописи. Жалителот потенцира дека медиумското игнорирање на нивните квалитети на сметка на истакнувањето поврзаност со политичката партија ДУИ како главен фактор за добивање јавни тендери е манипулација на јавното мислење и тенденциозна дезинформација, и е навредливо за нивната деловна репутација.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Фокус и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Во одговорот од уредничката Ирена Мулачка се појаснува дека делот од текстот поврзан со компанијата „Арбериа“ е само дел од поголем текст објавен на насловната страна на неделникот „Фокус“ за сите спроведени лоши реформи во образовниот сектор во последните две децении.

Од „Фокус“ додаваат дека оваа компанија е спомната во бекграундот на текстот, каде што се пишува кои се другите фирми кои добиле тендери, а сепак е доста значајна затоа што и по новинарските пишувања во „Фокус“, но и во сите други медиуми „таа е фирма, која ги добива речиси сите тендери поврзани со државни институции, а со кои управуваат кадри на ДУИ“.

Во одговорот на веб-порталот се вели дека сите тие 180 договори споменати во текстот предмет на жалба се јавни и јавно објавени на веб страницата на Бирото за јавни набавки, како и Бизнис мрежата, од каде се извадени сите други податоци, од тоа кој е сопственик, па сè до приходите. Во одговорот понатаму се појаснува дека оваа тетовска фирма победила и на тендерот на министерството водено од Артан Груби, за да ја организира прославата за одбележување на Рамковниот договор.

Во однос на делот каде што се тврди дека не барале одговори, од „Фокус“ одговараат дека испратиле официјален маил и тоа од страна на повеќе новинари, кои во неколку наврати пишувале за оваа компанија и ниту еднаш досега не добиле одговори.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е НЕОСНОВАНА и со мнозинство гласови одлучи дека во текстот нема прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија, ниту повреда на членовите 1, 2, 4, 5, 10 од Кодексот, на кои упатува жалителот.
Комисијата не констатираше дека има неточно и нефер известување, незастапена втора страна, дискриминација, мешање на факти и мислење, вест и коментар, пристрасност и неурамнотеженост во информирањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 9 мај 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во оспорената содржина.

Комисијата констатира дека се работи за текст од исклучително висок јавен интерес бидејќи станува збор за трошење јавни пари во доменот на образованието, но и на други сфери од општественото живеење од кои се засегнати граѓаните. Комисијата констатираше дека на веб-порталот Фокус е објавен само дел од содржината, а целата содржина на текстот е достапна во неделното издание на „Фокус“, каде што се обработени сите јавни набавки во делот на образованието од страна на Министерството за образование и наука, а и сите компании кои досега ги добивале тендерите за печатење учебници и свидетелства.

Наспроти тврдењата на жалителот, Комисијата заклучи дека изворите користени во истражувањето се јавни, односно податоците се јавно достапни. Членовите на Комисијата не можеа да најдат конкретен податок на кој се повикува, односно се жали компанијата „Арбериа

Дизајн“, бидејќи никаде во жалбата не се тврди дека во оспорениот текст има некаква грешка или неточно известување. Понатаму, никаде во текстот не се тврди дека фирмата е причината што немало свидетелства за учениците, како што посочува жалителот.

Во текот на расправата, член од Комисијата сметаше дека за оспорениот текст, медиумот требало да ја контактира и фирмата „Арбериа Дизајн“, со цел да се чуе и нивната страна. Сепак, другите членови на Комисијата сметаа дека во објавениот текст во неделното издание е застапено гледиштето на релевантен субјект – Министерството за образование и наука, со своја изјава, кое е најповикано да даде одговор во однос на учебниците и свидетелствата за учениците и проблемите кои се јавуваат на овој план.

Комисијата констатираше дека фокусот на темата е трошењето на јавните пари, што има изразен јавен интерес и дека улогата на медиумите е токму тоа – да истражуваат и анализираат како се трошат парите на државните и на јавните институции и воедно да отвораат прашања во однос на регуларноста на постапката на доделување на тендерите. Улога на медиумите е да отвораат прашања дури и доколку постои и најмал сомнеж за политичко или партиско фаворизирање, се разбира, доколку е тоа поткрепено со факти, изјави или официјални извори/бројки/податоци.

***

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Се обврзува „Фокус“, во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595